Врз основа на членовите 29-а, 29-б, 29-в, 29-г и 29-д од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на СРМ“ број 36/90 и „Службен весник на РМ“ број 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08 и 42/10) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 април 2010 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

## Член 1

На членовите на Советот на Општина Штип им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патните и дневните трошоци.

## Член 2

Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот се утврдува во процентуален износ од 60% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот на Општина Штип за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 1 на овој член се зголемува за 30%.

## Член 3

Месечниот надоместок од член 2 се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок од став 1 се намалува за 30% за секое неоправдано отсуство од седниците на Советот и седниците на помошните тела во текот на месецот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува, доколку членот на Советот не присуствувал неоправдано на ниту една седница на Советот и помошните тела во тековниот месец.

Месечен надоместок за присуство на седници на Советот не се исплатува, доколку Советот во тековниот месец не одржал ниту една седница.

## Член 4

На членовите на Советот на општината им се исплатуваат и надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата

и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

Член 5

Надоместоците од член 1, 2, 3 и 4 на оваа Одлука се обезбедуваат од буџетот на Општина Штип.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи и да се применува Одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот („Службен гласник на Општина Штип“ број 20/07 и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на надоместоци на членовите на Советот на Општина Штип „Службен гласник на Општина Штип“ број 01/09).

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-1990/1
14 април 2010 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.